

Драган Каранфиловски-Бојс со наградата за трајни вредности

## "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА" СО УШТЕ ЕДНО УРНЕБЕСНО ШОУ



# Влатко ѝ свиреше на Северина



"Златна бубамара" се сети и на легендарниот Влада Дивљан, фронтменот на "Идоли", кој испеа дел од своите најубави љубовни песни

Пензионерите знаат да скијаат како професионалци, семејствата комуницираат на ручек во ресторан преку социјалните мрежи, а потоп на светот ќе му се случи кога панорамското тркало ќе се заглави кај мостот Око.



Скеч кој најмногу ја насмеа публиката беа пензионерите со скијачка опрема, со хитот на "Бијело дугме" -"Одиме во планини"

Ова е само дел од чудесниот весел свет на "Златна бубамара на популарноста" и нејзиниот генијален домаќин Сашко Коцев. Популарната манифестација, една година пред да го прослави своето полнолетство, завчера, по 17. пат, во Универзалната сала во Скопје, ни подари уште едно урнебесно шоу. Донесе докажани домашни и балкански ѕвезди, актуелни млади ѕвезди, многу смеа и ни даде добра причина три часа да останеме на старите добри неудобни столчиња во Универзална.

Балканската поп-кралица Северина беше една од нив, а "Бубамара" за прв пат ја спои на иста сцена со гитарската легенда Влатко Стефановски, во нејзината песна "Напуштена" (Остављена).

"Мажите вака секогаш ги снемува", рече Северина кога Игор Џамбазов ја бацуваше по три пати за секоја од трите награди што ѝ ги додели.

"Златна Бубамара" се сети и на легендарниот Влада Дивљан, фронтменот на "Идоли", кој испеа дел од своите најубави љубовни песни. По петгодишната битка со леукемијата, горд на својата награда за трајни музички вредности, беше и Драган Каранфиловски-Бојс, кој му ја посвети наградата на својот доктор.

Сплет од негови најголеми детски и фестивалски хитови испеаја "Ај кју" и Марија, со актерката Нина Деан. Скеч кој најмногу ја насмеа публиката беа пензионерите со скијачка опрема, со хитот на "Бијело дугме" - "Одиме во планини" (Хајдемо у планине). Најголема еуфорија, очекувано, се создаде за Даниел Кајмакоски. Стотина девојчиња на службениот влез беа упорни за негов автограм.

"Не сонував дека на 30 години ќе станам откритие на годи-

## Награди

Награди за трајни вредности добија Драган Каранфиловски-Бојс и Влада Дивљан, а за спортист на годината е избрана Илина Арсова. "Вечна куќа" е театарска претстава на годината, актерка на годината Драгана Костадиновска, актер Оливер Митковски, а со фантастично шоу во дует, наградата за млад актер ја поделија Атанас Атанасовски и Валентин Костадиновски. "Гласот на виолината" на Зоран Џорлев и Сузана Спасовска е албум на годината, "Љубов" на Бени и "Нонстоп" хит на годината, најперспективна пејачка е Сара Мејс, а Даниел Кајмакоски откритие на годината. Тони Зен беше награден за спот на годината, а "Билките на Баба Рада" и "Еден бакнеж" за емисии. Игор Џамбазов ја доби наградата за концерт на годината, пејачка е Тамара Тодевска, а Северина си замина со три награди: за балкански концерт, најпопуларна пејачка од Балканот и за балкански албум.



Тамара Тодевска, со награ-
ата за пејачка на годината, низ
асмевка рече дека овој пат но-
и гаќички



Игор Џамбазов, кој ја доби наградата за концерт на годината, со машкиот хор на "Танец", испеа песна за починатите пријатели на "Бубамара" во 2013 година: Никола Младенов, Ацо Конга, Дуле Љубисавлевиќ и Бранко Ѓорчев

ната", рече Кајмакоски.

Смеа предизвика и појавата на Баба Рада, која на Сашко Коцев за болка во стомакот му препорача чај од ајдучка трева. Ревијален гостин беше Петар Јојиќ-Перчоли, еден од кандидатите во "Икс фактор", младиот двојник на Здравко Чолиќ. Земајќи ја наградата за пејачка на годината, Тамара Тодевска низ насмевка рече дека овој пат носи гаќички.

***М. Царовска***

*Фото: Д. Перковски*



Бубо Каров со стенд ап настап за екологија





Најперспективната пејачка
Сара Мејс ги покажа гаќичките



Баба Рада, која ја освои наградата за емисија, на Сашко Коцев за болка во стомакот му препорача чај од ајдучка трева